АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 22 став 1 алинеја 2 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" број 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018), член 22 од Законот за работни односи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 53/2013 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 74/2015, 129/2015, 27/2016 110/2019, 120/2018 и 110/2019), Агенцијата за електронски комуникации објавува

ЈАВЕН ОГЛАС бр. 0201-1605/2

за вработување на определено време на пет извршители

1. **Помлад соработник за телекомуникациска инфраструктура во Одделението за телекомуникациска инфраструктура во Сектор за телекомуникации , шифра АЕК 01 01 В04 007, ниво В4, еден извршител:**

Општи услови кои треба да ги исполнува кандидатот:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи Македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има завршено високо образование – градежништво и водостопанство;машинство или геодезија
- да има општа здравствена состојба за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови:

- стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- со или без работно искуство во струката;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Потреби општи работни компетенции на средно ниво:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

Плата: Паричен нето износ на основна плата за работното место Помлад соработник за телекомуникациска

инфраструктура изнесува 50.318,00 ден.

2. **Виш соработник за наплата на побарувања и платни налози во Одделението за наплата на побарувања и платни налози во Сектор за правни работи, шифра АЕК 01 01 В02 003, ниво В02, еден извршител:**

Општи услови кои треба да ги исполнува кандидатот се:
- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи Македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има завршено високо образование – Правни науки или економски науки
- да има општа здравствена состојба за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови:
- стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- најмалку две години работно искуство во струката;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Потреби општи работни компетенции на средно ниво:
- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

Плата: Паричен нето износ на плата за работното место Виш соработник за наплата на побарувања и платни налози изнесува 54.790,00 ден.

3. **Виш соработник за контрола и мониторинг на радиофрекфенции - Штип во Одделението за контрола и мониторинг на радиофрекфенции - Штип во Сектор за контрола и мониторинг на радиофрекфенции, шифра АЕК 01 01 В02 016, ниво В02, еден извршител:**

Општи услови кои треба да ги исполнува кандидатот се:
- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи Македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има завршено високо образование – Електротехника или математика
- да има општа здравствена состојба за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови:

- стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- најмалку две години работно искуство во струката;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Потреби општи работни компетенции на средно ниво:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

Плата: Паричен нето износ на плата за работното место Виш соработник за контрола и мониторинг на радиофрекфенции – Штип изнесува 54.790,00 ден.

4. **Советник за определување на регулаторни обврски во Одделението за определување на регулаторни обврски во Сектор за регулатива , шифра АЕК 01 01 В01 008, ниво В01, еден извршител:**

Општи услови кои треба да ги исполнува кандидатот се:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи Македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има завршено високо образование – Економски науки, електротехника или машинство
- да има општа здравствена состојба за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови:

- стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- најмалку три години работно искуство во струката;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Потреби општи работни компетенции на средно ниво:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

Плата: Паричен нето износ на плата за работното место Советник за определување на регулаторни обврски изнесува 57.771,00 ден.

5. **Советник за фиксна и мобилна служба во Одделението за фиксна и мобилна служба во Сектор за радиокомуникации, шифра АЕК 01 01 В01 014, ниво В01, еден извршител:**

Општи услови кои треба да ги исполнува кандидатот се:

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи Македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има завршено високо образование - Електротехника
- да има општа здравствена состојба за работното место;
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови:

- стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- најмалку три години работно искуство во струката;
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

Потреби општи работни компетенции на средно ниво:

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни; и
- финансиско управување.

Плата: Паричен нето износ на плата за работното место Советник за фиксна и мобилна служба изнесува

57.771,00 ден.

Распоред на работно време за сите позиции:

- работни денови, од понеделник до петок
- 40 работни часови неделно
- Работно време 7.30/15.30 – 8.30/16.30

Рокот за пријавување на кандидатите на јавниот оглас е 5 дена од денот на објавување на јавниот оглас во дневните весници, не сметајќи го денот на објавување.
Заинтересираните кандидати треба да достават **Пријава,** со прилог потребна документација, оригинал или заверена на нотар и тоа:

- Пријава за јавен оглас бр. **0201-1605/2**;
- Доказ за завршено образование;
- Уверение за државјанство;
- Уверение дека не му е изречена забрана за вршење професија, деност, должност;
- Доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
- Доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски јазик);
- Доказ за работно искуство;
- Кратка биографија (со задолжителен контакт телефон и адреса);
- Писмо за мотивација

Пријавата кандидатите можат да ја превземат во електронска форма од веб страната на Агенцијата за електронски комуникации www.aec.mk.

Пополнетата Пријава и останатите прилози со кои се докажува исполнувањето на условите од јавниот оглас кандидатите треба да ги достават до архивата на Агенцијата за електронски комуникации на адреса Кеј Димитар Влахов бр. 21 Скопје, со задолжителна назнака за кое работно место аплицира по оглас бр. **0201-1605/2**" Телефон за контакт 02/3289-200.

Кандидатот е согласен на здравствени прегледи на сметка на Агенцијата за електронски комуникации.

Ненавремено доставените документации нема да бидат разгледувани.

Изборот ќе се изврши во зависност од бројот на пријавени кандидати и тоа доколку се пријавиле до 200 кандидати, изборот ќе се изврши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати, изборот ќе се изврши во рок од 90 дена и над 500 кандидати во рок од 120 дена, по истекот на рокот на пријавувањето.

Агенција за електронски комуникации

Директор

Jeton Akiku